***З А П И С Н И К***
***од 16-та седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 15.11.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите  Демир Хисар со почеток во 16 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и  Валентин НесToроски. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.

Од општинската администрација  присутни беа Игор Дамјановски, Марина Поповска, Моника Петревска, Катерина Огненовска. На седницата присутен беше вд директорот на ЈП „Дехи Транс" Александар Чорбевски. На седницата присутни беа Директорот на ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван Никола Крстевски, вд директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков" Јасмина Дамчевска, претставник од ЈОУДГ „Втори Септември" Цане Трајчевски и претставник од Дом на култура Зоранчо Здравевски. На седницата присутен беше и Претседателот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Иван Кузмановски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-усвојување на Записник 14 седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот имаше забелешки за исправка на техничка грешка, други забелешки немаше. Со 11 „за" беше усвоен записникот.

-усвојување на Записник 15 седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од 15-тата седница беше усвоен со 11 „за".

На  седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот  за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година.

2.Донесување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година (втор ребаланс).

3.Донесување на Етички кодекс на локалните функционери на општина Демир Хисар.

4. Усвојување на Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година.

5.Донесување на Решение за давање согласност на  Статутот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар (пречистен текст).

6. Донесување на ОДЛУКА за  изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана  на КП бр.590 во КО Сопотница, општина Демир Хисар.

7.Донесување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година.

8.Донесување на Одлука за одобрува проектот **„Изградба на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза"** како приоритетна инвестиција.

9. Донесување на Одлука за одобрува проектот **„Изградба на улица бр. 1 во с.Обедник"** како приоритетна инвестиција.

10. Донесување на Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување  на општински патишта и улици за сезона 2022/2023 година.

11. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи точката 6.Донесување на Решение за давање согласност на Статутот на ЈКП „Комуналец" пречистен текст и точката 9. Донесување на одлука за отужување на задружен дом во с.Брезово Општина Демир Хисар се повлекуваат од страна на предлагачите, а останатите точки редоследно се усогласуваат. Исто така Дневниот ред се дополнува со три нови точки и тоа 8.Донесување на Одлука за одобрува проектот **„Изградба на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза"** како приоритетна инвестиција, 9. Донесување на Одлука за одобрува проектот **„Изградба на улица бр. 1 во с.Обедник"** како приоритетна инвестиција и 10. Донесување на Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2022/2023 година. Други предлози и забелешки од страна на советниците немаше. Со 11 „за" беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година***

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година беше усвоен до Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Александра Трајковска. За кварталниот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде во прилог на кварталниот извештај има детално образложение убаво објаснето што е реализирано. Советничката Марина Димитријовска праша за реализацијата на програмата за бездомни кучиња беа планирани 400.000, во извештајот има дека се потрошиле само 178.820 на што се должи таа реализација. Градоначалникот Најдовски објасни ова е заклучно со деветти месец има уште реализација, се приближува до планираната сума, но до крајот на годината има уште 2 месеци се остава простор да не има потреба нешто за овај период. Потоа додаде и покрај настојувањето и работата за решавање на овај проблем, проблемот со кучињата останува. Налози се издаваат, се заловуваат кучиња скоро се потрошени 400.000, но постојано се пуштаат кучиња проблемите остануваат. Се потрошија многу средства, за наредна година ќе се планира поинаков пристап за решавање на овај проблем. Во Психијатриската болница има многу кучиња и таму доста средства се потрошија. Советничката Марина Димитријовска забележа кај детска градинка за договорни услуги на 425 има потрошено за договор за дело за јавни набавки потоа предложи подобро е да се прати на обука некој од вработените отколку да ангажираат надворешно лице за ова. Градоначалникот Никола Најдовски се согласи предлогот е на место. Дискусијата беше исцрпена. Со 11 „за" беше усвоен кварталниот извештај.

***ТОЧКА 2. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година беше усвоена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Александра Трајковска. За измените и дополнувањата во Буџетот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. При тоа укажа да се направи корекција во програмата Н2 на 426 треба да стои 80.000, а на 425 да се корегира 1.401.700. Советничката Марина Димитријовска предложи да се планира уредување на паркин просторот пред зградата кај плоштадот. Потоа додаде ребалансот е сведен приближно на реалната состојба. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се планира тој дел да се уреди заедно со уредувањето на просторот кај домот на културата. Вториот ребаланс е сведен на реалната состојба. Советничката Марина Димитријовска побара пауза. После паузата немаше дискусија. Со 11 „за" беа донесени измените и дополнувањата на буџетот.

***ТОЧКА 3. Етички кодекс на локалните функционери на општина Демир Хисар***

За Етичкиот кодекс на локалните функционери на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот од општината Игор Дамјановски. При тоа објасни ова е прв пат советниците да потпишуваат етички кодекс. Советничката Сандра Пејковска праша досега не е прифатен од страна на советниците или не му е доставен на советниците. Претставникот Игор Дамјановски објасни не му

беше доставен на советниците. Советничката Марина Димитријовска праша кога е донесен и зошто досега не е доставен. Претставникот Дамјановски објасни не беше доставен затоа што предходно не било негова надлежност. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше прифатен етичкиот кодекс и советниците потпишаа изјави.

***ТОЧКА 4. Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година***

Финансискиот извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година беше усвоен од страна на Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За извештајот дополнително објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Решение за давање согласност на Статутот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар (пречистен текст)***

Статутот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар беше усвоен на Статутарно правната комисија објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. При тоа додаде имаше една измена во условите за директор сега таа измена се вклопува во Статутот. Дополнително објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. За донесување на решението за давање согласност гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. ОДЛУКА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.590 во КО Сопотница, општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.590 во КО Сопотница, општина Демир Хисар беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За одлуката дополнително објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За одлуката дополнително објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Одлука за одобрува проектот „Изградба на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза“ како приоритетна инвестиција***

За Одлуката за одобрува проектот „Изградба на општински пат врска Радово преку манастир Св. Атанасиј за Сопотница Л601101245 - II Фаза“ како приоритетна инвестиција претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците оваа одлука е на дневен ред на негова иницијатива. Имено за оваа инвестиција општината не учествува со финансиски средства, средствата за изработка на проект и изградба на патот ќе бидат обезбедени преку донации, од општината потребно е да се изготвува документација. Потоа се обрати до советниците од Сопотница да дадат придонес да се види каква документација има што може да се помогне исто има заинтересираност и да се однесе и струја до објектот. Имало изготвено проект за струјата да се види што се има да се обезбеди документацијата која е изготвена за да може да се продолжи понатаму. За оваа постапка се ангажира Трајко Бучковски од Сопотница има поднесено и барање до Советот. Советничката Марина Димитријовска додаде добро е и да се уреди просторот кај трансформаторот во Сопотница, имало и детско игралиште планирано. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде има распчоложение да се помогне за патот да се поврзи од крајот на селото до манастирот и со другиот дел кој е асвалтиран кон патот за Радово. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Одлука за одобрува проектот „Изградба на улица бр. 1 во с.Обедник“ како приоритетна инвестиција***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна и Одлуката за одобрува проектот „Изградба на улица бр. 1 во с.Обедник“ како приоритетна инвестиција е на дневен ред на негова иницијатива. Разговарано е да се обезбедат средства за асвалтирање на улица во Обедник потребна е документација. Проектот ќе биди дел од програмата на општината. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2022/2023 година***

За Одлуката за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2022/2023 година објаснување имаше претставникот Моника Петревска. За одлуката немаше забелешки. Со 11 „за“ беше донесена.

***ТОЧКА 11. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна општината се соочува со проблем со стручен кадар архитект во одделението за урбанизам, по заминување на раководителката во пензија. Заради тоа ќе мора да се донесуваат акти за меѓуопштинска соработка. Градоначалникот Никола Најдовски во своето излагање додаде општината се наоѓа во многу деликатна ситуација, неколку месеци бараме архитект кој ќе можи да ги потпишува документите, на ниво на општина нема, од друга соседна општина нема сите општини имаат проблем малку се вакви кадри. Се разговара за меѓуопштинска соработка со повеќе општини ако наидиме на разбирање ќе треба да се донесат актите за меѓуопштинска соработка. Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС предложи да се ангажира надворешно лице. Градоначалникот Никола Најдовски објасни можи да се ангажира да се изработи ГУП, но лице кое ќе ги потпишува документите кои произлегуваат од општината мора да биди административно лице вработено. Мислевме дека ќе можи да се ангажира со договор, но ако не е вработено неможи. Советничката Сандра Пејковска додаде да се вработи дополнителни два часа постои и таква можност. Претставникот од општината Игор Дамјановски објасни има закон за управна постапка, овај проблем можи да се реши со меѓуопштинска соработка, или со вработување на архитект сето друго не е во ред. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски дополни да оставиме градоначалникот да разговара за меѓуопштинска соработка. Повеќе немаше предлози и прашања.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1498/2
21.12.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.